

Словенската филологија се конституира на почетокот на XIX век со пронаоѓањето на ракописите од Охридската книжевна школа, уште од цар Самуилово време. Таа го реконструирала нивниот изворен текст и ги поврзала со нивните автори, со свети Климент, со свети Наум и со нивните ученици. Авторството на оригиналните текстови е една од клучните задачи на филологијата.

Впрочем, таа одлично се снаоѓа во времето, зашто пред сè, се потпира на историјата и на хронологијата (редоследот на настаните).

Да се открие во филологијата свети Климент, а уште повеќе и свети Наум или кој било друг како автор не било воопшто лесна задача, особено не во XIX век, кога науката за старите ракописи не можела лесно да се одвои од класичните текстови. Но, кога можела да го направи тоа историската лингвистика уште со Востоков, зошто да не можела да го направи тоа и самата словенска филологија.

И го направила! Открила непознати за неа текстови чиј автор бил означен со името Климент, епископ словенски. Заслугата да се открие Климент како автор му припаѓа на рускиот научник В. М. Ундолски. Имено, во 1840 година тој набљудувајќи еден стар пергаментен ракопис, го прочитал името на авторот, Климент, па се обидувал да најде соодветна личност, да го надополни филолошкиот мозаик. Можеме да претпоставиме дека ова име не било така често меѓу општословенските црковни писатели и епископи, како што не било често ни меѓу препишувачите на старите ракописи, ни меѓу другите црковни лица со кој било чин. Надвор од набљудуваниот ракопис, името на авторот тој го пронашол, исто така, во Месецословот на Асемановото евангелие, но не го наоѓал во месецослови на грчки книги. Согледувајќи оваа разлика, тој јасно утврдил уште една далеку позначајна, дека словенските црковни книги во определени места се разликуваат значително од грчките, пред сè, според имињата на светците застапени во Месецословите.

Овие разлики упатуваат и на различни традиции во византиската и во словенските цркви. Според сето ова, јасно утврдил дека не постои грчка предлошка за текстот што го открил, туку дека се работи за текст изворно напишан на словенски јазик од свети Климент, епископ словенски.

Ундолски го известил тесниот научен круг на кој му припаѓал за своето откритие во ноември 1845 година. Тогаш тој го чита текстот на Похвалата на Кирил филозоф и оттогаш свети Климент е негова опсесивна тема.

Речиси истовремено, податоците за свети Климент, бездруго, можел да ги надополнува од самиот извор В. И. Григорович, кој приближно во тоа време (мај 1845) престојувал во Охрид.

На Григорович официјалната власт (турска – административна, грчка – духовна) му ги

ограничувала контактите со Охриѓани, и воопшто со македонското население. Но колку може понекогаш туѓинската власт да работи самата против себеси! Не можејќи да контактира со возрасните Македонци, тој контактирал со деца и жени-старици, а идеалната комбинација ја нашол во младиот Миладиновец и во старата Миладиновка.

Од бодриот Димитрија можел да научи многу нешта за светите Климент и Наум Охридски,, А од стамената Султана и што се знае песни народни.

Ниту Ундолски пошироко ја известил научната јавност за своето откритие, ниту пак Григорович веднаш и пошироко ги дистрибуирал своите впечатоци. Впрочем, до податокот дека постои писател со име Климент дошол уште А. Востоков, но филологијата тешко се снаоѓа со осамени податоци.

И на Григорович и на Ундолски ќе им бидат потребни уште најмалку две децении да ги синтетизираат своите научни впечатоци и сознанија за почетоците на словенската писменост и за делото на свети Климент Охридски. Време е тоа кога составендел на руската универзитетска средина е и студентот Константин Миладинов, наречен „Македонијата“, од кого професорот негов, Фјодор Буслаев, толку многу живи нешта ќе научи за Климента и Наума и, особено, за иконите црковни, во чест и слава на учителот христијански Исус Христос, но и за седмочислениците.

Со Ундолски започнува неуморната филолошка потрага на семиотичко читање иа имињата на авторите на текстовите за кои не може да се најде соодветна грчка предлошка. Со Фјодор Буслаев таа продолжува. Тоа е восхитувачката тема на Срезневски, но и макотрпната читачка дејност на филолозите од времето на Ундолски до денес.

Во тој контекст, во македонската филолошка наука до денес се откриени значителен број оригинални средновековни книжевни творци, од анонимни запишувачи на поетски записи на маргините на книгите и од препишувачи кои го запишале и своето име до автори на дела со сложена композиција.

Откривањето на Климент Охридски како оригинален писател го воспоставило генерацискиот редослед на општословенски писатели на чија челна позиција стои токму

свети Климент. И Востоков, па и Ундолски, Буслаев и Срезневски ќе го насочат своето внимание и назад во времето, пред создавањето на словенската писменост, во времето кога Словените пишувале со грчки и со латински букви. Впрочем, Словените можеле да имаат и двојазични автори во периодот во кој немале сопствена писменост.

За филологијата понекогаш и една најобична рецка може да има непроценливо историско значење. Од друга страна, на филологијата ќе ѝ треба одвеќе време и научни сознанија веднаш до свети Климент редоследно да го постави и свети Наум Охридски. Филолозите, бездруго, имале интуитивна претстава дека и свети Наум е писател, но немале поткрепа со текст.

Денес, свети Наум е познат по повеќе творби, од кои со сигурност се наведува Канонот на апостол Андреј. Со сознајбата, пак, искажана од Ф. Снопек, дека автор на „О писменех“ е свети Наум Охридски, т.е. дека Чрноризец Храбар и свети Наум Охридски се едно исто лице, целосно се потврдува теза дека одбраната на глаголицата и книжевното продолжување на кирилометодиевското дело е охридска доблест, имено, на Охридската книжевна школа.

**Од КНИГАТА ЗА СВЕТИТЕ БРАЌА КЛИМЕНТ И НАУМ ОХРИДСКИ**

**Автори: Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски**